**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**За период Јануари - Март 2015 година**

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Март 2015 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2015 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во 2015 година изнесуваат 1.575.949 илјади денари и во споредба со остварените во 2014 година бележат пораст од 8%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2014 година бележат пораст од 5%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во 2015 година изнесуваат 2.188.830 илјади денари и во споредба со остварените во 2014 година бележат пораст од 13%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 95%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2014 година бележат пораст од 11%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во 2015 година изнесуваат 1.384.879 илјади денари и во споредба со остварените во 2014 година бележат пораст од 8%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во 2015 година изнесуваат 1.963.393 илјади денари и во споредба со остварените во 2014 година бележат пораст од 14%.

**Дивиденда**

На 6 април 2015 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2014 година во износ од 300.584 илјади денари односно 210 денари бруто за една акција. Нето дивиденда за 2014 година изнесува 189 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Март 2015 година изнесуваат 268.000 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 31.03.2015 година изнесуваат 327.816 илјади денари и во споредба со состојбата на 31.03.2014 година бележат намалување од 25%.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Март 2015 година во Алкалоид се реализирани 27 нови вработувања во Република Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Март 2015, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2015 | | 2014 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **15/14** |
| Домашен пазар | 583.087 | 39 | 576.917 | 40 | 101 |
| Странски пазар | 928.011 | 61 | 858.055 | 60 | 108 |
| **Вкупно:** | **1.511.098** | **100** | **1.434.972** | **100** | **105** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2015 | | 2014 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **15/14** |
| Домашен пазар | 806.947 | 39 | 847.973 | 45 | 95 |
| Странски пазар | 1.278.320 | 61 | 1.033.151 | 55 | 124 |
| **Вкупно:** | **2.085.267** | **100** | **1.881.124** | **100** | **111** |

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2015 | | 2014 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **15/14** |
| Единечна ЕБИТДА | 282.400 | 19 | 265.752 | 19 | 106 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 324.236 | 16 | 303.868 | 16 | 107 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2015 | | 2014 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **15/14** |
| Единечна Нето добивка | 172.805 | 11 | 167.426 | 12 | 103 |
| Консолидирана Нето добивка | 199.178 | 10 | 191.012 | 10 | 104 |